УДК: 94:911.373(497.774)"18/19"
316.343:63-051-058.12(497.774)"18/19"

Васко Гичевски
професор по историја
vasko.gicevski@gmail.com

# СЕЛОТО И СЕЛАНСТВОТО ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ НИЗ ЕПОХАТА НА РЕФОРМИ ОД ПОЧЕТОКОТ НА XIX ВЕК ДО 1912 ГОДИНА

*Апстракт.* – Османлиската држава на почетокот на XIX век се наоѓа во длабока општествено политичка криза. Централната власт сосема тешко ја контролирала територијата на државата, која беше западнала во безредие и хаос. Од друга страна се попопотребно било придвижување на Османлиската империја кон општиот општествено политички и економски равој на останатите земји од европскиот континент. За таа цел, Османлиската империја презема низа на реформи кои пред сè имаат за цел да ја зацрвстат државата и да овозможат нејзин просперитет. Селото и селанството кои биле носечки столб на османлиската држава и економија се нашле пред низа на нови предизвици и промени. Во овој труд ќе се обидеме да дадеме преглед на настанатите промени и како и во колкава мера се одразиле врз селското население од Битолскиот вилает.

## СЕЛОТО И ТАНЗИМАТОТ

Почетокот на XIX век Османлиската империја ќе го дочека во мошне неповолни општествено економски односи. Централната власт ја изгубила речиси целосно својата моќ. Населението било оставено на милоста на локалните паши и бегови кои дефакто биле тотално самостојна власт во Османлиската империја. Повеќе од нужно било султанот Махмуд II да го прекине реформскиот процес, кој го започнал неговиот претходник Селим III. Главниот фокус морало да биде зајакнувањето на централната власт и обезвластување на феудалците кои ултимативно

создале анархија во државата. Еден од првите чекори кои што биле направени е зауздување на јаничарите кои дефакто биле главна сила на реакцијата во Османлиската империја. Махмуд II овој проблем ќе го реши во 1826 година, кога ќе ги уништи јаничарските одреди, ќе ги забрани дервишките редови, кои кај јаничарите имале улога на духовни водители и со тоа ќе го отвори патот кон понатамошни реформи.[1]

Ослободен од главните опоненти, султанот Абдул Меџит I реформскиот процес го започнува со Ѓулханскиот хатишериф на 3 ноември 1839 година. Со овој чин Османлиската империја го започнува својот о̂д кон „западноевропската цивилизација“. Со овој акт биле донесени низа на промени во граѓанските права, а по 15 години со воведувањето на Хатихумајунот во 1856 година, сите поданици во Османлиската империја биле формално правно прогласени за еднакви.[2] Дел од најважните одредби од Ѓулханскиот хатишериф се:

– гарантирање на животот, честа и имотот, овозможувајќи им располагање со него по волја на поданиците;
– редовен начин за распределување и собирање на данокот;
– утврден ред за земање на војници и рок на нивната служба;
– гаранција за чесно и фер судење;[3]

Хатишерифот во принцип се обидел на сосема мек начин да ги реши најгорливите проблеми на населението. Во екот на феудалната анархија, не можеле да бидат гарантирани животот и имотот на луѓето. Друг особено горлив проблем било војникувањето. Долгото војникување значело лишување на селските стопанства од работна рака, што пак катастрофално се одразувало врз економијата. Поради тоа со, меѓу другото за прв пат било регулирано и времетраењето на војникувањето. Новостите кои Ѓулханскиот хатишериф ги донел биле од колосално значење. За прв пат се истакнува принципот на „еднаквост на муслиманите и другите народи“, односно со овој ферман формално се заменувал милет системот.[4] Ваквата храбра констатација е веројатно едно романтично гледање на османлискиот реформски процес. Резултатите кои ги постигнал Ѓулханскиот хатишериф се сосема спротивни. Во периодот што следувал, како што и ќе согледаме во понатамошниот преглед, милет систе-

[1] За турбулентиот период од почетокот на XIX век до 1839 година види кај: Мантран 2002, 514-556.

[2] Џемаили 2018, 164.

[3] Андонов-Пољански (ed.) 1981, 174-176.

[4] Џемаили 2018, 197.

мот не само што нема да исчезне, туку, сосема спротивно, таа етнорелигиозна заедница ќе се претвори во политичко-конфесионална заедница. Токму од милет системот ќе се изродат балканските нации, облечени во верски одори, станувајќи карактеристичен белег на балканскиот национализам, правејќи амалгам од религијата и политичката нација. Ферманот започнува со промулагцијата: *„Од денот на нашето стапување на престолот, мислата за општото добро и подобрување на сегашната состојба на областите, како и за олеснување на народите, не престанала наполно да нè занимава*".[5] Промуглацијата сепак е дадена за задоволување на надворешните читатели, а суштината за носењето на реформите не произлегува од мислата за општиот напредок per se. Треба да се согледа фактот дека Ѓулханскиот хатишериф не е издаден поради искрената желба за прогрес. Сосема напротив, тој е издаден со цел западните држави да немаат алиби да се мешаат во внатрешните работи на Османлиската империја.[6] Иронијата на овој процес е тоа дека токму по започнувањето на Танзиматот, па сè до крајот на постоењето на Османлиската империја, Големите сили ќе бидат клучниот фактор во планирањето на внатрешната политика на Османлиите.

Декларираните принципи на Ѓулханскиот хатишериф започнале да се применуваат во сите прописи потоа. Еден од поважните документи, релевантни за просторот кој е предмет на наш интерес е и „Каноname за селата битолски, санки закон за чифлигарите и чифчиите што се под поела битолска" од 25 јули 1851 година. Документот бил напишан со грчко писмо, но на словенски дијалект кој се говорел во битолско-охридскиот регион. Во овој документ се инсистира на праведност и чесност, заштита на населението од зулуми и економска експлоатација, забрана за изживување на државните службеници врз населението, заштита на населението од лихвари, насоки за умерено трошење и т.н.[7] Во овој документ лесно може да се согледаат принципиелните промени што настанале. а кои оделе кон заложби за подобрување на животот на населението. Главната цел на овој пропис била да се обезбедат пристојни услови за живот и сигурна средина за живеење на населението. Од друга страна, практиката покажала дека овој документ во понатамошниот тек на историјата останал занемарен. Клучните одредби не биле почитувани и тие и понатаму останале горлив проблем на населението.

---

[5] Андонов-Пољански (ed.), 174.

[6] Џемаили 2018, 202.

[7] Лапе (ed.) 1975, 88-92.

Втората етапа во развојот на основните граѓански права започнала во 1856 година, со издавањето на Хатихумајунот. Овој акт бил донесен под директно влијание на западните сили, како своевидно оддолжување кон западните земји за овозможената победа над Руската империја во Кримската војна. Формата и содржината на документот дури и се спомнува во еден член од Парискиот договор, како еден вид на меѓународна гаранција за негово спроведување.[8] Хатихумајунот предвидува: верска и национална рамноправност на сите народности во османлиското царство, слобода на вероисповедта и мислењето, мешани судови, право на христијаните да стапуваат на државни должности, да служат во турската војска и да имаат свои претставници во Државниот совет. Понатаму се предвидуваат и црковни реформи, замена на натуралните давачки кон црковните великодостојници со парични суми, реорганизација на државната администрација, судството, полицијата и даночната политика, воведување на редовен буџет од приходи и расходи на државата, поправка на патиштата, унапредување на земјоделството и трговијата и т.н.[9] Хатихумајунот едноставно претставувал надградба на Хатишерифот, кој прокламирал општи принципи. Квалитативна разлика е што вториот документ сега бил меѓународно обврзан и Османлиската империја нужно морала да го спроведува.

Согласно новоиздадениот ферман, целокупната османлиска легислатива морала да се менува. Еден од првите акти кој што претрпел промени е Кривичниот законик. Првиот кривичен закон во Османлиската империја бил донесен во 1840 година.[10] Поради извесните недостатоци на стариот закон, во 1851 година бил објавен „Новиот закон“, кој требало да ги дополни недостатоците на претходниот закон.[11] Се применувал неселективно врз сите поданици во Империјата, а носел и низа на одредби кои во корен ги пресекувале старите османлиски практики. Една од тие практики која што се забранувала е давањето на пари во замена за казната за извршеното кривично дело, што дотогаш било вообичаена практика во Османлиската империја.[12] Практиката покажала дека и овој закон во целост не ги опфаќал сите кривични дела, па така, Танзиматскиот совет добил задача да подготви нов закон. Новиот закон бил

[8] Џемаили 2018, 207.

[9] Андонов-Пољански (ed.) 1981, 178-180.

[10] Овој закон бил во извесна смисла мала модернизација на османлиското класично право, поради што бил мета на низа критики од страна на Големите сили.

[11] Џемаили 2018, 213.

[12] Исто.

наречен „Султански кривичен закон" и бил објавен во август 1858 година. Овој закон бил прилагодување на Францускиот казнен закон од 1810 година, врз османлиските услови и истиот ќе остане во важност до 1913.[13] Еден од највпечатливите принципи на овој закон е тоа што се стремел не само да го заштити населението од криминалците, туку и од диктаторските и неправедни раководители во османлиската администрација.[14] Со овој закон било утврдено дека парницата ја отвора обвинителот кој го изнесува обвинителнот акт, а понатаму биле применети и сите европски принципи на правото кои дотогаш постоеле. Сепак интересно е да се напомене дека останала одредбата досудената казна да не биде извршена ако виновникот плати откуп за извршеното убиство.[15] Оваа одредба во извесна смисла ја покажува жилавоста на османлиските шеријатски практики, кои никогаш до крај нема да бидат искоренети.

Согласно прокламираните принципи за гарантирано зачувување и слободно располагање со имотот, нужно било да се создаде и нов закон кој ги третира сопственичките односи во империјата. Османлиската империја во дотогашното свое постоење се потпирала врз тимаро-спахискиот систем. Сржта на овој систем е во тоа што сопственик на целата земја е султанот, а народот може да ја ползува, но не смее да ја оттуѓи.[16] Ваквите односи не можеле да опстојат во една земја кој се подготвувала да ги стигне останатите европски земји. Европските земји во овој период веќе расчистиле со феудалните остатоци и силно се развивале. За развиените европски земји, XIX век претставува ера на капиталот, кажано во стилот на Хобсбаум. Соодветно на ова, Османлиската империја била принудена час поскоро да ги вметне принципите на приватната сопственост во своето законодавство. Сè ова влијаело во 1858 година да се донесе Земјоделскиот закон, познат уште како Рамазански закон. Со овој закон целокупната земја во Османлиската империја се дели на следниве категории:

- земја во приватна сопственост (arazi i memeleket)
- земја во сопственост на државата (arazi i miriye)
- вакуфска Земја (arazi i mev-kufe)
- напуштена односно јавна земја (arazi i metruke)
- необработена или празна земја (arazi i mevat)[17]

---

[13] Исто.

[14] Исто, 214.

[15] Ортајли 2009, 197.

[16] Види повеќе кај: Ихсаноглу (ed.) 2006..

[17] Џемаили 2018, 216.

Суштината на оваа промена е тоа што сега доминантната сопственост на земјата од државата прешла на приватните сопственици.[18] Се дозволило ерази мириетo (државната земја) да стане ерази мемлекет (приватна земја) и титуларот на тесаруфот да може да го остави на своите наследници. Останатите земјишта: ерази мефкуфет (вакафска земја), ерази метруке (јавна земја) и ерази меват (мртви земји), не претрпеле никаква промена во однос на тесаруфот и рекабот (правото на султанот да биде господар на земјата на сите титулари на тесаруфот). Чифличките стопанства главно се создавале на три начини, со трансформација на старите феудални поседи во чифлизи, со купопродажба и по пат на насилство и узурпација.[19] Преку купопродажба, со чифлизи се стекнале и многу немуслимани. Една од покрупните новини кои што биле воведени во османлиската аграрно-правна легислатива биле договорите за исполичарство, ќесим и музареата. Со договорот за исполица, чифлик сајбијата се обврзувал на одредено или неодредено време на чифлигарот-исполџија да му даде за обработување дел од чифликот, заедно со соодветните стопански згради за живеење. Исполџијата се обврзувал да ги обработи добиените чифлички земји, а приносот од тие земји да го разделат со чифлик сајбијата, и по престанокот на договорот исполица на чифлик сајбијата да му ја врати земјата и соодветните згради во онаква состојба во каква ги добил од него.[20] Чифликсајбијата, во зависност од големината на селото и бројот на жителите, најчесто доделувал од 60 до 100 донуми земја. Добиениот приход, од кој се одделувало семето и десетокот се делел на два еднакви дела. На овој начин исполичарот добивал околу една третина од вкупното производство.[21] Покрај ова, исполџијата бил обврзан да работи десет дена во годината бесплатно за чифлик сајбијата, да му донесе четири коли дрва, доколку има воденица на чифликот требало да се грижи за нејзиното одржување и уште низа поситни обврски.[22] Понатаму, со договорот за ќесим (закуп) чифлик сајбијата се обврзувал на чифлигарот – кесимџијата да му даде под ќесим за одредено или неодредено време дел од чифликот, а ќесимџијата се обврзувал на чифлик сајбијата да му го даде договорениот ќесим и по престанувањето на тој договор, на чифлик сајбијата да му го врати делот од чифликот.[23]

---

[18] Ортајли 2009, 233-235.
[19] Ѓорѓиев 2003, 66.
[20] Поп Ѓоргиев 1956, 129.
[21] Ѓорѓиев 2003, 67.
[22] Исто.
[23] Поп Ѓоргиев 1956, 144.

Музареата пак претставува еден вид на договор (ортаклама), од кој една-та страна ја дава работната сила, а другата земјата.[24] Во овој договор спаѓала и поделбата на производите, кои што најчесто се делеле еднакво на сите заинтересирани страни од ортакламата. Интересен е фактот дека во периодот на чифлигарството се правеле и договори за работата на момоците, кои биле организирани во тајфи, и двете страни морале да го почитуваат договорот. Момоците во суштина биле во најлоша положба, бидејќи не поседувале имот и единствено можеле да преживеат нудејќи го својот труд.[25] Покрај парите, момокот добивал и момочки параспур (обработлива површина) кој што смеел да го обработува за свои потреби тогаш кога ќе имал слободно време. Освен договорениот „ак“, тие не добивале ништо друго. Тој вообичаено се состоел од 80-100 килограми жито, 100- 120 гроша во пари, 3-6 оки петрол и десетина оки грав. Честопати можеле да бидат избркани пред да го добијат договорениот „ак“.[26]

На овој начин тимаро-спахискиот систем постепено се трансформира во чифлигарски, кој бил знатно потежок за населението.[27] Процесот на создавањето на чифлизите одел преку директно обеземјување на рајата и ослободување од феудалната закрепостеност.[28] Поинаку кажано, целта на Земјоделскиот закон била да ја изведе земјата од феудализмот и натуралните ренти, со цел Османлиската империја да може да ги следи веќе развиените западни земји во капиталистичкиот развој. Практиката пак покажала нешто сосема друго. Османлиската империја, променувајќи ги аграрно сопственичките односи, во суштина извршила само промена на титуларизацијата на сопствениците. Спахиите станале моќни чифлигари кои сега ја поседувале земјата. Не се извршила квалитативна промена на аграрните односи, туку само квантитативна. Дел од давачките биле наложени да се земаат во парична вредност, а дел сепак останале да се собираат во натура. Ангаријата, односно бесплатната работа, е една од феудалните давачки кои ќе опстојат и по Танзиматот, иако, доколку дословно се следел примерот на останатите европски земји, таа скоро еден век ќе биде укината и забранета. Во Османлиската

---

[24] Овој начин на договор бил зададен во Меџелето - Законот за граѓанството од 1860 година.

[25] Ѓорѓиев 2003, 68.

[26] Исто. Покрај овие промени, настапиле повеќе изменувања и дополнувања на процесот на оданочување, тема која сама по себе е голема, но во овој труд не е предмет на интерес.

[27] Матковски 1978, 350.

[28] Исто.

империја таа ќе продолжи да живее во една сива зона меѓу законската забрана и практичната неважност на законите. Ослободувањето на крепосните селани било нужна реалност, бидејќи со воведувањето на паричните ренти едноставно големопоседниците немале потреба од селани кои биле врзани за земјата. Селанството, со процесот на обеземјување се пауперизирало и во извесна смисла станало наемен работник кај чифлигарите, кои сега имале одлики на капиталисти. Така рајата станала чифчија.[29]

Навистина е тешко да се одреди вистинскиот карактер на османлиските општествено-производни односи. Османлиската империја никогаш не станала потполно капиталистичка земја, ниту чифчиите станале пролетери, ниту пак чифлигарите односно навидум капиталистите, станале индустријалци. Османлиската империја, а со тоа и османлиска Македонија, до крајот на османлиското владеење останала аграрна економија. Можеби најточната оценка која би можеле да ја дадеме е тоа дека дека низ целиот XIX век, напоредно живеат и феудалните односи со целата нивна „идиличност".[30] Османлиското општество во XIX век се наоѓало во фаза на ориентирање и барање.[31] Османлиската империја и нејзината економија во принцип се секогаш еден комплексен микс. Една паралела на феудални и капиталистички односи кои напоредно се развивале. Поради спротиставеноста на тие два односи, Османлиската империја никогаш нема да го доживее посакуваниот прогрес, туку само ќе го забрза одот кон тоталниот крах на Империјата.

Последни два значајни закони од Танзиматскиот корпус на акти кои треба особено да се одбележат се Меџелето и Првиот османлиски устав. Меџелето е зборник на правни одлуки во неколку томови, кои излегувале во периодот од 1868 до 1876 година. Создавањето на нова законска регулатива која одела во насока на заштита на граѓанството била нужноста наметната од развојот на правото во западноевропските земји.[32] Имено, со сè посилното национално будење, но активното мешање во внатрешните работи на Османлиската империја од страна на западните земји, воведен бил современ систем на граѓански права, кои би требало да ги задоволат апетитите на западноевропските земји, што би резултирало со престанок на мешањето во внатрешните османлиски политики.

---

[29] Исто, 351, опш. цитат.

[30] Чирпан 1978, 27.

[31] Ортајли 2009, 276.

[32] Џемаили 2018, 219.

Сепак до такво нешто не дошло. Во почетокот на Големата источна криза, османлиската држава и општество повторно се нашло под ударот на барање за реформи. Во тој контекст, за да ги избегне наметнатите реформи, Османлиската империја прави еден чекор понапред, воведува Устав. Со воведувањето на уставот од 1876 година, Османлиската империја станала уставна монархија, со сенат, и сите придружни одлики кои една уставна монархија треба да ги има. Во уставот се гарантираат сите човекови и граѓански права согласно принципите и практиките на останатите земји.[33] Со овој акт, кој го означил почетокот на владеењето на султанот Абдул Хамид II, во суштина бил ставен крај на ерата на Танзиматот. Уставната ера во Османлиската империја краела тратко. Уставот бил укинат во 1878 година, со што Османлиската империја се вратила на принципите на апсолутистичката власт, која ќе стане обележана со владеењето на султанот Абдул Хамид II.[34]

## ФОРМИРАЊЕТО НА ВИЛАЕТСКАТА СТРУКТУРА

Уште во 1820 година за време на почетокот на реформските процеси за модернизација на Османлиската империја, градот Битола станал административен центар на Румелискиот ејалет.[35] Овој настан сам по себе го донел и развојот на градот, кој набргу прераснал и во политички и трговски центар во Румелија. Општествено политичките движења довеле до тоа во шеесеттите години на XIX век во Османлиската империја да започне да се размислува за територијална реорганизација.[36] Дотогашната поделба на ејалети требало да биде заменета со вилаети, како најкрупни територијално административни единици. Според законот за вилаетите, Османлиската империја територијално била поделена на крупни административни единици наречени вилает, кои пак биле поделени на поситни административни единици: санџак, каза и нахија.[37] Промените кои биле преземени предвидувале: поголема децентрализација на управната власт, одвојување на граѓанската од воената управа и воспоставување на граѓански судови, покрај постојните шери-

[33] The Ottoman Constitution 1908, 367-387.

[34] Повеќе за Големата источна криза и првата уставна ера во Османлиската империја види кај: Shaw-Shaw 1977; Попов 2010; Merriman 2009; Jelavich 1983.

[35] Лапе (ed.) 1975, 18-20.

[36] Ризај 1978, 167.

[37] Sfetas 2009, 118.

јатски судови. Проектот бил подготвен по примерот на западноевропското законодавство, особено врз основа на францускогото.[38]

Воспоставувањето на вилаетскиот систем се одвивал бавно, со многу експериментирања. Токму поради тоа, базичната мрежа на вилаетскиот систем на територијата на османлиска Македонија, била воспоставена дури во почетокот на осумдесеттите години на XIX век.[39] Во овие административни прекројувања, од ејалетски центар, во периодот од 1867 година до јуни 1873 година, Битола била симната на ниво на санџак.[40] Веќе во 1873/74 година, согласно новото административно уредување, се појавил на сцена Битолскиот вилает. Во единствениот Битолски санџак влегувале 11 кази: битолска, прилепска, охридска, дебарска, албанска, костурска, кожанска, кајларска, островска, леринска и кичевска.[41] По само две години во 1875 година во составот на Битолскиот вилает се нашле 5 санџаци од кои Битолскиот санџак имал 9 кази (тука влегувала и Тетовската каза).[42] Со склучувањето на Берлинскиот договор, Османлиската империја според членот 23 и членот 62 била задолжена да воведе реформи кои дефакто би значеле воведување на автономија на нејзините провинции. Со цел да го избегне тој чекор, Османлиската империја прави реорганизација на вилаетите, што било само делумно остварување на договореното на Берлинскиот конгрес. Меѓу другото, една од најзначајните придобивки што ги донел Берлинскиот договор за населението е што локалното население сега може да учествува во власта.[43] Оваа можност формално-правно ќе биде обезбедена со реорганизацијата на структурата на власта во вилаетите. Првата година од спроведување на Берлинскиот договор ќе биде особено бурна. Во 1878 година година веќе бил укинат Битолскиот вилает, а со самото тоа и Битолскиот санџак, кој влегол во состав на Солунскиот вилает. Веќе наредната 1879 година, Битолскиот вилает ќе биде возобновен.[44]

---

[38] Aličić 1963, 219.

[39] Ѓорѓиев 2014, 19.

[40] Тефик 1933, 231.

[41] Димески 1983, 66-67.

[42] Исто, 67.

[43] Тодоровски, том 1 1984, 71- 90, сум. цит.

[44] По возобнувањето Битолскиот вилает ќе претрпува низа територијални прекројувања. Неговата дефинитивна форма ќе се зацврсти во 1893 година, а нови територијални прекројувања ќе доживее во 1904/1905 година. Поради ограничувањето на просторот. но и поради ирелевантноста на административните граници за предметната тема на обработка, во овој текст нема подетално да се задржуваме на административнте граници на вилаетот.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВЛАСТА ВО САНЏАКОТ

Највисок функционер во вилаетот бил валијата кој раководел со вилаетот. Под него биле мутасерифите, кајмакамите и мудурите. Главните административни функционери, валијата и мутесерифот, биле назначувани со султанско ираде, а кајмакамите и мудурите со решение на Портата.[45] Мутасерифот управувал со санџакот. Раководењето со санџакот се базирало врз одлуките донесени на идаре меџлисот. Идаре меџлисот на мутасерифот се состоел од: мутасериф (претседател), наиб, муфтија, мухасебеџија, тахрират мудир, духовните раководители на немуслиманското население и четири изборни членови, од кои двајца муслимани и двајца немуслимани.[46] Со казата управувал кајмакамот. Тој имал свој идаре меџлис кој се состоел од: кајмакам (претседател), кадија, муфтија, мал мудири, тахрир ќатиби, духовниот раководител на немуслиманите и 4 изборни челенови, 2 муслимани и 2 немуслимани. Најмалата организациска структура била нахијата, а под неа биле селата. Нахијата ја раководел мудир/мудур, и била сочинета од пет до десет села.[47] На ист принцип, но во помал обем, биле формирани и нахиските идаре меџлиси и селските ихријар меџлиси.[48] Селата имале своја општинска управа наречена *идаре и беледије.* Општините и селата биле составени од енории, на чие чело стоеле по двајца мухтари, зависно од големината на селата.[49] Генералниот вилает меџлис функционирал паралелно со вилаетскот идаре меџлис, составен од членови делегирани од санџаците и тоа по 4 членови од секој санџак, двајца муслимани и двајца немуслимани. Овој врховен вилаетски совет заседавал еднаш годишно. Неговото заседание можело да трае најмногу четириесет дена и со овој совет претседавал валијата.[50] Но и покрај сите формално-правни регулативи и процедури, во суштина овие совети имале само советодавен карактер,

---

[45] Димески 1983, 70.

[46] Исто 72.

[47] Анастасовски 2012, 191. Со Халит Рифат пашините реформи од 1896 година, бројот на изборни членови се покачил на 6, односно 3 муслимани и 3 немуслимани. Авторот ја извлекува оваа констатација од делото на Брајлсфорд „Macedonia its races and their future“, кој пак се потпира на османлискиот закон за Административна поделба од 1886 година. Во суштина, нахиите биле многу лесно формирани, расформирани, приклучувани кон други кази, сходно на политичките желби и често го надминувале бројот од 5 до 10 села кои ги сочинувале.

[48] Димески 1983, 72.

[49] Исто, 73.

[50] Исто, 72

биле подложни на корупција и најчесто тешко ги спроведувале наложените задачи. Корупцијата била еден од најголемите проблеми на османлиската власт. Ваквата појава особено влијаела врз патеписците и разните истражувачи, кои, поради низа политички интереси и лични предрасуди, како и поради недоволно познавање на османлиското општество, неретко изнесувале и наполно хиперболизирани искази. Така, Џон Фрејзер запишал дека: „*Сите функции од највисока до најниска се продавале за пари, вклучително и пашалаците и кадилаците, кои му се давале на највисокиот понудувач.*“[51] Васил К'нчов пак изнесува податок дека во 1895 година кадиското место се продавало за 200 до 300 лири, а мутасерифликот за 500.[52] Сепак власта на административните службеници не била неограничена и неконтролирана. Органите на вилаетската управна структура се состоеле од 19 одделенија и служби (повеќето биле подресори). Тука спаѓале: 1. Финансии и книговодство; 2. Одделение за кореспонденција; 3. Надворешни работи; 4. Одделение за просвета; 5. Матична служба; 6. Даночна служба; 7. Управа за десеток; 8. Благајна, 9. Земјоделство и трговија; 10. Трговска и земјоделска комора; 11. Шумарство и рударство; 12. Одделение за јавни работи; 13. Канцеларија за издавање патни исправи; 14. Катастар; 15. Управа за вакуфите; 16. Служба за статистика; 17. Санитарен инспекторат; 18. Ветеринарна служба; 19. Архив на Вилаетот.[53]

Во вилаетот исто така имало стационирано жандармериски полк, на чие чело стоел миралај со титула алајбег, кој во 1885 има 4 баталјони од по 400 жандарми. Во секој од четирите санџаци бил стациониран по еден батаљон. Батаљонот бил поделен на чети, кои пак биле распределени по кази.[54] Битолскиот вилает бил седиште на III армија (орда). Во Битолскиот санџак биле стационирани: 4 пешадиски табури со 2 800 војници, 6 коњички ескадрони со 800 војници, 30 батерии со 97 топови, 2 200 артилерци, како и транспортната единица со бројност од половина табур односно 400 луѓе. Најголемиот дел од претходно наведените единици биле стационирани во градот Битола.[55]

---

[51] Fraser 1906, 154.

[52] Ивановъ 1895, 29.

[53] Анастасовски 2012, 192; Димески 1983, 75.

[54] Димески 1983, 77. Со реформите од 1896 година во жандармериските полкови во обем од најмногу 10% проценти влегувале и немуслимани. Подоцна бројот на санџаци се наголемил на пет.

[55] Димески 1983, 79.

Битолскиот вилает, поради својата вонредна политичка, воена и економска важност, бил и седиште на бројни конзуларни претставништва, кои биле стационирани во градот Битола.[56] Погоре претставената структура на санџакот и вилаетот покажува неколку работи. Најпрво говори за огромниот и нефункционален државнички апарат кој станал преобемен поради мноштвото слабо изведени реформи, кои немале нималку практична употреба. Се согледува, исто така, дека во овој дел од османлиска Македонија била стационирана репрезентативна воена и жандармериска сила, што било и основата врз која османлиската држава ја темелела својата власт.

## ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ

Споведувањето на реформите во османлиска Македонија, безмалку било опструирано и спречено, посебно со законот од 1880 година, кога била утврдена дефинитивната структура на вилаетите. Османлиската империја се трудела да го избегне Берлинскиот договор. Од друга страна, земјата се нашла пред силна економска и мигрантска криза. Имено, како што Османлиската империја губела територии, така кон нејзините европски територии доаѓале мигранти, односно мухаџири. Централната власт се трудела да обезбеди сместување, се граделе нови квартови во градовите, им се доделува земја, со цел на мухаџирското население да му се обезбеди барем минумумот потребен за живеење. Во тој контекст, користејќи ја оваа хаотична положба, силно се развило разбојништвото. Зачестени разбојнички напади имало во Битолскиот вилает, особено во јужните и западните краишта на територијата на вилаетот. Се сметало дека на ниво на Македонија имало над 150 разбојнички банди, а како резултат на злоделата годишно биле убивани 6000 лица.[57] Во Битолскиот вилает биле прочуени разбојниците: Шефки бег, кој го држел селото Могила и околните села, и Абдула ага, кој го држел селото Добрушево и другите околни села.[58] Разбојниците селата ги држеле како свои, наметнувајќи им низа на давачки, вршејќи физички и економски гнет. Во тој контекст, за разрешување на настанатата ситуација бил донесен специјален правилник за безбедност во Битолскиот вилает во 1887 година. Правилникот е уште познат како Халил Рифат па-

[56] Константинов 1983, 21-25.
[57] Кондовъ 1903, 41.
[58] Тодоровски, том. 1 1984, 107.

шина реформа. Во суштината на оваа реформа стои тоа дека во секое село биле определувани 4 до 5 души, кои имале право да носат оружје и да го заштитуваат селото од разбојници.[59] Правилникот се состои од 16 членови, во кои детално се опишани обврските и методите на работа на фахриите. Во секое селото требало да се формира вооружена комисија за заштита, во случај на судир со разбојниците. Таа била должна прво да ги повика да се предадат, а потоа да ги нападне. Доколку силите на комисијата за заштита не се доволни, таа била должна да побара засилување од османлиските власти. Понатаму во правилникот се говори дека комисијата треба редовно да ја известува власта за безбедносните прилики и секогаш при себе да ја има дозволата за носење на оружје. Доколку комисијата знае за некакви злодела и не реагира, подлежела на османлискиот закон за разбојништво. Воедно, комисијата требала да води сметка за поведението на селаните и доколку има сомнителни лица, веднаш против нив да преземе мерки.[60] Сумарниот преглед на одлуките во правилникот изнесен погоре ни укажува дека со оваа реформа за прв пат дотогаш селското население имало право и обврска да се грижи самото за својата безбедност. Оваа мерка впрочем произлегува од фактот што дотогашните пољаци и бекчии, кои биле поставувани од страна на османлиските власти, често се здружувале со разбојниците. На тој начин тие не претставувале заштита за населението туку сосема спротивно, тие биле дел од опасноста. Не изменувајќи ниту два месеци од почетокот на спроведувањето на реформата, Битолскиот вилает бил скоро наполно исчистен од разбојници.[61] Иако на почетокот оваа реформа не била прифатена со воодушевување, сепак, заради „доброто на рајата", не била опструирана.[62] *„Мерката даде одлични резултати, но поради проблемите кои ѝ ги задаваше на централната власт, скоро по воведувањето беше укината"*.[63] Правилникот на Халил Рифат паша бил отповикан во 1889 година. Главната причина за оваа одлука било тоа што локалните османлиски власти често содејствувале и соработувале со разбојничките банди, со цел да обезбедат материјална корист за себе.[64] Со ова впрочем завршува периодот на месното саморганизарање на селаните со цел вооружена заштита. Правилникот на Халил Рифат паша

---

[59] Силянов, том 1 1933, 28; Во некои извори се споменува бројка од 5 до 6 лица.
[60] Лапе (ed.) 1954, 63-68.
[61] Кондовъ 1903, 41.
[62] Исто.
[63] Силянов, том I 1933,28
[64] Тодоровски, том.1 1984, 111.

покрај што покажал одлични резултати на психолошки план, кај локалното население донел еден сосема нов момент. Имено, периодот на фахриите кај населението останал во трајно сеќавање, и на еден начин служел како конкретен пример за подоцнежното организирано револуционерно движење. Селанството сфатило дека својата безбедност може да ја гарантира само доколку поседува оружје. По укинувањето на реформите, османлиската власт била должна да го собере оружјето. Она оружје што пак останало кај селаните, подоцна ќе биде искористено при формирањето на четите на МРО.[65]

## РЕФОРМИТЕ ОД 1894–1897 ГОДИНА

Периодот од крајот на 80-тите години на XIX век, па сè до почетокот на XX век, е исполнет со низа движења и барања за реформи. Впрочем, во последните 30-тина години од постоењето на Османлиската империја, единствената политичка константа било тоа што од империјата се барале реформи, кои таа се трудела да ги спроведе парцијално или целосно да ги заобиколи. Овој процес особено се засилил по Ерменските настани, кога целокупното население, па и европската јавност, реагирала на жестокостите врз Ерменците. Тоа го принудило султанот веќе во 1895 година да испрати комисија во трите вилаети, која требало да ја испита положбата на населението. Комисијата навистина поминала и забележала многу работи, ги ислушала бројните жалби на населението, но на крајот немало поголема корист од забелешките на комисијата.[66] Во однос на забелешките, султанот издал ферман според кој требало валиите, мутасерифите, кајмакамите, полициските началници, да имаат помошници христијани и христијаните да сочинуваат една десетина од жандармеријата.[67] Оваа одредба носела во себе основа за квалитативна промена на околностите, но доколку би се спроведувала. Знаејќи дека може да се соочат со проблем, османлиските власти на позициите најчесто поставувале христијани кои од порано биле познати како османлиски соработници. Во жандармеријата пак се примале христијани кои биле познати по своето лошо поведение.[68] Притоа треба да се напомене дека за учеството во административната власт, огромна улога играле

[65] Исто 111-112, сум. цит.
[66] Кондовъ 1903, 59-60.
[67] Исто.
[68] Исто.

нуфузите. Според бројот на нуфузите, се определувал и процентот на определен милет, со колку претставници треба да биде застапен во власта. Од тука впрочем потекнува и онаа крвава пропагандистичка борба за собирање на души. Секоја пропаганда имала за цел да има повеќе нуфузи од другата, па затоа, делејќи пари или со насилни методи, некогаш и со измама, прибирале крај себе приврзаници. Ваквите битки се префрлале дури и на гробиштата, па така неколку пати и султанот лично издавал наредба за погребување на „спорните“ покојници на непознати –неутрални места.[69]

Особено интересен документ од овој период е и уредбата за „Благосостојба на Румелиските вилаети“ од 1897 година. Оваа уредба имала за цел да ја централизира империјата. Според неа, секое едно вработување во администрација требало да добие одобрување од централната власт. Се донеле нови насоки за изборот на државни службеници, при што се гледало во најголемиот дел да бидат муслимани, иако според сите важечки прописи, онаму каде доминирало христијанско население и службениците требало да бидат христијани. Особена новина која го допира селското население е укинувањето на продавањето на десетокот. Според оваа уредба данокот требало да се собира за секое село одделно, а не како дотогаш, данокот да се откупува за цели области. Право на откуп на данокот имале првенствено селаните од даденото село, а потоа други лица.[70] Важни се и одлуките кои говорат дека населението веќе не смее во било кое време од годината да се повикува на ангарија за поправка или градба на патишта, тврдини, кули, а исто така се забранило даночниците да одземаат храна од селаните.[71]

Целта на Уредбата за благостојба била да се спречи угнетувањето и економското исцрпување на населението, особено на селското население, кое било движечкиот елемент на османлиската економија. Напишана со добри намери, оваа уредба, како и многуте други пред неа, сепак нема да заживее. Сосема спротивно, состојбите ќе останат речиси неизменети, а населението ќе продолжи да живее во агонија. Ултимативно тоа ќе доведе до барања за нови реформи. Доколку внимателно го следиме целиот овој процес на реформи, ќе забележиме дека токму во напишаните, а сепак одлучно неспроведувани реформи, лежи клучот за барањето на нови реформи. Со ова бројот на реформи и уредби, како и на ад-

---

[69] Ѓорѓиев 2011, 177–192.
[70] Тодоровски, том.1 1984, 203.
[71] Исто.

министративниот апарат, расте, а сепак состојбите остануваат неизменети. Токму овие прилики ќе доведат до следната реформска етапа кратко пред и по Илинденското востание.

## РЕФОРМИТЕ ВО ПРЕДВЕЧЕРИЕТО НА ИЛИНДЕН

Во предвечерието на XX век, Османлиската империја го носела тешкиот баласт на политички и економски несигурно општество. Согледувајќи го ова, Големите сили одамна меѓу себе преговарале како би постапувале во случај на пропаст на империјата. Од друга страна, внатрешните економски прилики веќе биле неодржливи, а гнетот врз населението бил собено тежок. Треба да се одбележи и фактот дека на територијата на османлиска Македонија веќе била формирана МРО, која претставувала нов политички фактор во земјата. Сознание за постоењето на организацијата имало кај османлиските власти уште од Виничката провала, а по Солунската провала од 1901 година, воопшто немало ни сомнеж дека постои организација која веќе ја изорала и онака политички нестабилната политичка почва во османлиска Македонија.[72] Паралелно со МРО постоел и Врховниот Македонски комитет, кој правел низа на акции, иако имал сосема мал број на приврзаници меѓу македонското население. ВМК реално согледано е надворешна организација која повеќе служела на Бугарија и нејзините политички интереси, отколку на локалното македонско население и неговиот стремеж за слобода.[73]

Австро-Унгарија и Русија уште во 1897 година биле решени дека на територијата на Македонија се потребни поопсежни реформи, но тие не требало да го рушат воспоставеното status quo. Во предвечерието на Илинденското востание Македонија и македонското прашање биле клучниот елемент во рушењето на воспоставеното status quo. Поради тоа, Австро-Унгарија и Русија исклучиво инсистирале територијата на османлиска Македонија да не биде групирана во една административна единица. Наместо терминот Македонија, инсистирале да се користи терминот „Трите вилаети", наместо терминот „Македонци" да се користи терминот „христијанско население", наместо губернатор да се користи „генерален инспектор" и т.н.[74] Уште во зазорот на XX век, се согледува дека

[72] Повеќе за развојот и дејствувањето на МРО види кај: Ѓорѓиев 2003; Ѓорѓиев 2010; Димески, 1983.

[73] За ВМК види повеќе кај: Битовски 1977.

[74] Ѓорѓиев, Реформи 2013, 113-114.

Големите сили смислено ги одзеле полугите преку кои македонското население би можело да развие успешно политичко движење. Од друга страна, пак, состојбите во османлиска Македонија станувале сѐ полоши. Битолскиот вилает страдал од зулумите на разните разбојници кои го обиколувале вилаетот, од насилството на пропагандните чети и т.н. Користејќи го ова незадоволство кај населението, кое било подеднакво на целата територија на османлиска Македонија, Врховниот Македонски комитет, презел вооружена провокација. Оваа вооружена провокација е позната како Горноџумајско и Тушимско востание. Овие две бугарски провокации успеале дополнително да ја дестабилизираат состојбата, па така османлиска Македонија се нашла во предвостаничка атмосфера.[75]

Врховистичката провокација резултирала со еден реформски процес кој започнал есента 1902 година. Султанот, со ираде, на 12 декември 1902 година, ги објавил реформите.[76] Документот содржел 18 членови. Првата глава, од 1 до 9 член, се однесува на реформирање на администрацијата, каде се реафиримира принципот да се вработуваат христијани. Втората глава, од 10 до 12 член, се однесува на судските реформи и претставува преповторување на одредбите донесени со претходните уредби, посебно со законот за организација на Вилаетите од 1881 година. Третата глава, односно членовите 13 и 14, се однесувале на просветата. Според ова, во секое населено место со над 50 куќи и каде порано немало училиште, сега требало да има едно училиште. Исто така се предвидувало градење на основни, средни и виши училишта во седиштата на казите, санџаците и вилаетите. Четвртата глава, односно член 15, се однесува на поширок спектар од општествените дејности, каде се истакнува потребата од градење на патишта и друга инфраструктура, начинот на финансирање и т.н. Во вториот дел од документот, од член 16 до 18, се наведува како ќе бидат спроведувани реформите, преку поставување на генерален инспектор на трите вилаети, кој би се грижел за спроведувањето на реформите.[77] Оваа реформа како што и веднаш ќе согледаат Австроунгарија и Русија, воопшто немале ефект врз реалните проблеми на локалното население. Тоа за нив било голем проблем, бидејќи понатамошните немири во османлиска Македонија оделе директно против

---

[75] „Востанието“ повеќе послужило за создавање на дополнителен притисок, отколку што имало било каков реален допринос на прашањето за ослободување. Ова особено добро се согледува низ изворната документација застапена во: Ѓорѓиев, ВМРО 2013, документи број: 81, 86, 93, 95.

[76] Тодоровски 1984,том 1, 248.

[77] Исто, 248-251 сум. цит.

нивниот план за status quo позиција во Македонија. Многу бргу станало јасно дека со овој реформски акт, Османлиската империја не сакала да им помогне на своите поданици, туку едноставно да добие во време.[78]

Согледувајќи дека овие реформи, како и многу други пред нив, биле само адут за добивање време, Австро-Унгарија и Русија започнале сериозни преговори, каде подоцна се приклучиле и сите останати европски сили кои имале и најмал политички интерес во Османлиската империја. На овој начин, после низа на долги преговори, по предлог на Германија, Османлиската империја ги усвоила Февруарските реформи од 1903 година, сметајќи ги за безопасни и не толку различни од султанските реформи.[79] Реформите предвидувале: 1. Задржување на Хусеин Хилми паша на позицијата главен инспектор на трите вилаети. Тој, поради заштита на јавниот ред и мир, можел да ја ангажира војската без одобрение на централната власт; 2. Валиите биле должни да ги почитуваат инструкциите на генералниот инспектор; 3. Реорганизација на жандармеријата и полицијата со странски инструктори; 4. Во христијанските села за падари да се назначуваат христијани; 5. Општа амнестија за сите политички затвореници; 6. Организирање на засебен буџет за секој од вилаетите, 7. Замена на десетокот со земјишен данок.[80] Оваа реформска програма во суштина е продолжување и продлабочување на султанските реформи. Повторно и за овој реформски пакет е навестено дека подлежи на странска контрола од страна на конзулите на земјите кои ја предложиле. Реформата започнала веднаш да се спроведува, но сепак не ги дала посакуваните резултати. Имено, христијанското население, поради непознавање на турскиот јазик, воопшто не се пријавувало за работа во жандармеријата. Во Битолскиот вилает за жандармериска служба се пријавиле 57 лица.[81] При избирањето на кадрите, османлиските власти се грижеле лицата кои ќе бидат одбрани да се од порано соработници на властите, или да имаат дискредитиран карактер заради своето поведение пред месното население.[82] Понатаму, иако било предвидено уште од порано десетокот да се откупува од селаните, тоа во практика не се случувало. Со новиот пакет реформи десетокот требало да биде заменет со фиксен земјишен данок, но ова останало само на хартија.[83] Одредбата

---

[78] Исто, 255.

[79] Ѓорѓиев Реформи 2013, 114-115.

[80] Андонов-Пољански (ed.) 1981, 412-413.

[81] Тодоровски, том.1 1984, 286.

[82] Исто.

[83] Исто, 289.

која барала формирање на засебен буџет за секој вилает останала исто така нереализирана, бидејќи со тоа султанот дефакто би им дал финансиска автономија, што претставувало особен ризик по неговото владеење. Целата реформа ќе остане обележана со името падарски реформи, бидејќи ефективно, иако не секаде, тоа била единствената промена која се случила, а народот ја забележал. Имено, муслиманите падари биле заменети со христијани, иако добар дел од падарите со присила успевале да останат на своите позиции.[84] Падарот во османлиското село имал улога на своевиден чувар на полето, но тој бил и повеќе од тоа. Уживајќи во заштитата која им ја нудела централната власт, тие често грабале од населението и силувале. Накратко срочено, падарите физички и економски гнет врз населението. Токму поради ова, една од основите одреби за реформи се однесува на падарите, а во народот целата реформа останала позната како „Падарска реформа".

Во веќе силно разбрануваната османлиска Македонија, овие реформи не промениле апсолутно ништо. ТМРО на конгресот во јануари 1903 година веќе донела решение за востание. Востанието било една неизбежност, која ја наметнувале општествено-економските и политичките прилики во османлиска Македонија, особено во битолскиот вилает. Летото 1903 година, на територијата на Битолскиот вилает веќе постоеле сериозни гласини за идното востание против османлиската власт. Австроунгарските дипломатски претставници ширум територијата на османлиска Македонија веќе до извесна мера и со сигурност знаеле за настаните што ќе следуваат во август. Австро-унгарскиот конзул во Битола, Аугуст фон Крал, дури во еден од своите извештаи дава и целосен приказ на мрежата на комитети во Битолскиот вилает, заедно со нивните најзнаменити претставници.[85] За овие дејства на четите на ТМОРО, помалку или повеќе била свесна и османлиската власт, која преземала мерки со цел да ја сузбие оваа дејност, вршејќи притоа и голем број на зулуми меѓу мирното селанство. Одделните постапки се скоро секогаш исти: тепање и мачење од страна на воените одреди што вршеле претрес ако не се предаде бараното оружје, или пак без секаква причина, само поради свирепост, пљачкање и кражба по селата, истапи од страна на собирачите на данок, насилства на мухамеданите врз нивните христијански соседи или сограѓани, убиство по убиство и палежи.[86] Аугуст фон Крал во из-

---

[84] Исто, 290.

[85] Зографски (ed.) 1955, 42-48.

[86] Исто, 54.

вештајот до грофот Голуховски од 31 јули 1903 година, зборува за трагичните настани кои се случиле во Битолскиот вилает во претходните два месеци. Како што и сам вели, најлоши случаи биле во селата: Орле, Маково, Рапеш, Мегленци, Новак (Новаци), Црничани, Дедебалци, Путурус, Подмол, Трап, Агларци, Паралово, Клепач, Добрушево, Радобор, Рибарци, Брод, во селата крај железничката линија Ресен-Сакулево: Бач, Врбјани, Хасово, Љубојно, Дремени, Крушје, Ѓавато, Цапари, Загоричани, Д'мбени, Статица, Кономлати, Бонче, Зрзе, Слепче, Прилеп, Битола, Лесковик (Лесковец), Валона. Населението на претходно наведените места било тепано со кундаци и стапови, разграбувано, биле применувани различни методи на мачење: кубење на бради, тепање по стапалата, врзување со ортоми, ставање жар на градите, а за да не можат да ги покажат раните, некои и биле приведувани.[87] Со овие методи на зулумење ќе се среќаваме и понатаму, бидејќи во голема мера, иако османлиските војски знаеле и да бидат инвентивни во поглед на начините на измачување, истите постапки се повторуваат во многу случаи. Положбата веќе била зрела за востание. Впрочем востанието на некој начин е сеприсутно како тема уште од 1901 година, и претставува предмет на дискусии далеку пред моментот на избивањето.

## РЕФОРМИТЕ ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ДО 1908 ГОДИНА

Населението особено ќе биде на удар на османлиските војски во екот на востанието, кога централната власт наоѓајќи се во една безнадежна ситуација, незнаејќи да се носи со ситуацијата и да ја стави под контрола, ќе преземе напади врз мирното население по селата. Со ова всушност се предизвикувале селаните четници да се вратат во селата и да се предадат, бидејќи нивните познаници, семејства и пријатели биле изложени на измачувања и смрт. Ваквите настани се повторуваат некаде околу 21 август 1903 година. Уништени биле неколку села во леринската, битолската и костурската каза.[88] Запалени биле бројни села во ресенската ,охридската и демирхисарската каза, придружени со колеж на населението кое не успеало да избега.[89] Голем број на села од претходно

[87] Исто, 54-58.

[88] Исто, 70-71.

[89] Лапе (ed.) 1975, том. II, 268-269.

наведените кази настраделе во првата половна на месецот август, при што било ограбено жито, добиток, а имало и човечки жртви.[90]

Телеграмата од 18 август 1903 година испратена од австроунгарскиот конзул Крал до грофот Голуховски, известува дека од сите христијани ,во Крушево најмногу страдале „Грците и Романците"[91] кои живееле во страв да не се повторат Ерменските настани[92] поради недисциплинираност и свирепоста на војските.[93] Сузбивањето на востанието на властите им било особено тешко, бидејќи наместо тактичко опсадување на планините, власта се занимавала со палежи и колежи во селата. Во селото Неоказиi (Леринско) на 22 август 1903 биле заробени 84 души и патем биле сите убиени, а во Охридско, башибозукот и војската од Дебар уништиле 13 христијански места.[94] Жртвите на колежите и грабежите биле претставувани како да се жртви во вооружени судири.[95] Со овие постапки османлиската војска си ги миела рацете од зулумите, со цел да ги избегне казните кои што биле пропишани со законот за ненапаѓање на мирното население, како и од реакциите на конзуларните претставници. Преземани биле и бројни претреси во Битола во Јени Маале, а од местата на битките со четите војските се враќале со богат плен. Од Крушевско биле собрани 4000 грла добиток, а во „словенско-патријаршиските"[96] села Раково и Буф, ваквите настани биле вршени во содејство на грчките епископи.[97] Во текот на херојскиот и трагичен август, на територијата на Битолскиот вилает сосем или делумно биле изгорени 80 или 90 села.[98] Бројот на настраданото цивилно население од зулумите на војската тешко некогаш ќе се одреди. Големиот обем, класифицирањето на жртвите како паднати во борбите, и уништувањето и разграбувањето на имотот како резултат на борбите, дополнително ја отежнува таа ситуација.

[90] Зографски (ed.) 1955, 118-120.

[91] Под терминот Грци се мисли на влашкото население кое ја прифатило патријаршиската црква, а под терминот Романци се крие влашкото население кое ја прифатило романската пропаганда.

[92] Се мисли на масакрите извршени од страна на единиците Хамидие во Ерменија 1894-1896 година.

[93] Зографски (ed.) 1955, 75.

[94] Исто, 76-77.

[95] Исто, 87.

[96] Очигледно е дека Аугуст фон Крал во извештајот од 1 септември 1903 година, се обидува да прави разлика помеѓу грчкото и словенското население опфатено во Рум милетот.

[97] Зографски (ed.) 1955, 99.

[98] Исто, 100-102.

Кон ова допринесува и фактот што понекогаш имало и прекини на информациите, а некои од нив не ни пристигнувале до дипломатските претставници. Конзулот Крал овие податоци ги дополнува и во извештајот од 06.09.1903 година, како и во останатите извештаи, со цел на министерот за надворешни работи, грофот Голуховски, што подобро да му ја долови ситуацијата во Битолскиот Вилает.[99]

Илинденското востание и настаните во текот, но и по востанието, одекнале силно во светската јавност.[100] Османлиската империја повторно станала предмет на разговор меѓу Големите сили. Целта на востаниците била постигната. Имено, ТМРО никогаш не негувала илузии да ја порази Османлиската империја, која во тој период сè уште била една огромна држава со милионска војска. Целта на востанието била да се привлече вниманието на Големите сили, па на тој начин да се издејствува подобрување на условите на живот. Големите сили, кои се бореле да ја одржат status quo состојбата, едноставно не можеле веќе да ги толерираат османлиските практики и полуисполнети или воопшто неисполнети ветувања. Оттука, по низа преговори, на 2 октомври 1903 година била донесена Мирштегската програма за реформи. Програмата начелно била прифатена од страна на Османлиската империја веќе во ноември, по што бавно одело нејзиното спроведување. Мирцштегската реформа била едно продолжување и задлабочување на Февруарските реформи. Единствената новина е тоа што сега за спроведувањето на реформите била предвидена директна меѓународна контрола.[101]

Мирштегската програма за реформи се состоела од девет членови. Во првиот член се наведува дека при главнот инспектор на вилаетите, ќе бидат сместени и два цивилни агенти, еден од Австро-Унгарија и еден од Русија, кои би ја надгледувале работата на генералниот инспектор и спроведувањето на реформите. Во вториот член е предвидена реорганизација на жандармеријата во содејство со странски офицери. Третиот член пак изискува територијална реорганизација, заради подобро групирање на националностите.[102] Четвртиот член бара да се реорганизира администрацијата и да се примат христијани во службата, како и да се фаворизира локалната автономија. Петтиот член бара да се

---

[99] Подетални податоци за зулумите извршени во месец август 1903 година погледнете ги извештаите на конзулот Крал застапени во збирката: Зографски (ed.) 1955, 121-124, 126-133.

[100] Во однос на оваа тема види повеќе кај: Битовски 1983.

[101] Ѓорѓиев 2012, 115.

[102] Андонов-Пољански (ed.) 1981, 419-420.

формираат посебни комисии, кои требало да ги испитаат воените и другите злосторства извршени за време на немирите. Комисиите требало да се состојат од еднаков број на христијани и муслимани. Според шестиот член, Османлиската империја требала да обезбеди определени суми за надомест на штетите, обновување на куќи и други објекти, кои биле загубени во немирите. Седмиот член пак изискува, населението во настраданите села да биде ослободено од плаќање на сите такси во рок од една година. Осмиот член бара Османлиската империја да се обврзе дека до крај ќе ги спроведе сите одредби од Февруарските реформи. Членот девет бара распуштање на илавето и башибозучките одреди, бидејќи тие во најголемиот дел биле одговорни за масакрите во текот на востанието. Воедно изричито се наредува во иднина да биде спречено и нивно организирање.[103]

Реформите уште во декември 1903 година биле ставени под сомневање од страна на ТМРО. Во окружното писмо на Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ се истакнува: *„Не треба ниту збор, дека нашиот народ не може да биде задоволен од тие мерки, бидејќи се ништожни пред целта која ја гониме. Секој знае дека ние не се бориме за жандарми и падари, туку за премавнување на омразениот турски гнет.“*[104] Оттука лесно се согледува дека реформите веднаш биле окарактеризирани како недоволни и дека со ништо нема да ја изменат ситуацијата на населението. Противречностите и политичките интереси на Големите сили дошле до израз уште при распределбата на жандармериските сектори.[105] Мирцштегската реформска акција во голема мера ќе се ограничи само на реформите во војската и администрацијата, додека сите останати прашања ќе бидат занемарени. Реформите во економијата и предвидената вилаетска автономна економија, ќе се актуелизира дури во 1905, а реформата ќе се финализира дури во 1907 година. Сосема слична ќе биде и судбината со судските реформи.[106] Во овој контекст интересни се и насоките кои ги дава Даме Груев, во окружното писмо до раководителите на ТМОРО од 14.02.1904, каде ги поттикнува селаните отворено да поднесуваат жалби до австроунгарските и руските конзули, за зулумите кои им се прават и проблемите со кои се соочуваат.[107]

---

[103] Исто, 419-420.

[104] Ѓорѓиев ВМРО 2013, 476.

[105] Ѓорѓиев, 2012, 116

[106] Исто, 116.

[107] Ѓорѓиев 2020, 46-48.

Покрај горенаведените проблеми, сепак, за селанството најгорлив проблем останувало оданочувањето. Според реформските акти, на неколку пати требало да се замени десетокот со земјишен данок и потполно да се измени начинот на прибирање на даноците. Данокот од земјоделството (даноци на добиток, десеток, данок на земјата) во Османлиската империја претставувал еден од најважните извори на приходи на државата.[108] Во 1909 година од 577 милиони лири, колку што изнесувал вкупниот буџет на државата, 310 милиони доаѓале од даноците, од кои 55 милиони биле данок на недвижности, 38 милиони данок на сите добиток, 122 милиони од десеток и 17 милиони лири од други непосредни давачки.[109] Сосема лесно е да се заклучи дека населението било оптоварено со даноци, кои во недостиг на ефективна економија, служеле како единствен извор на приходи за државата, од кои пак најголемиот дел оделе за подмирување на надворешниот долг. Дополнителен проблем претставувало тоа што при собирањето на даноците се случувале злоупотреби и даночниците собирале повеќе данок од пропишаното. Оваа постапка била преземана пред сè поради личната корист на даночниците, спротивно од сите тогаш постоечки легислативи. Согледувајќи дека овие злодела се причина за бунт, по Илинденското востание ќе се спроведе една пилот реформа за собирање на десетокот. Суштината на оваа реформа било тоа данокот да не се дава веќе на откуп, туку данокот за едно село да биде собиран од страна на лица кои што се од тоа село. Проектот го изготвил Хилми паша, а за пилот-села биле избрани Могила, Оризари, Горно и Долно Кукуречани, Српци, Беранци, Чарлија и Буково. По определувањето на експерименталните села, биле собрани коџобашиите и им било кажано дека данокот треба сами да го соберат.[110] Оваа новина, иако навидум личи на одлично решение, всушност воопшто не се ефектуирала, бидејќи селаните не биле во можност да го соберат данокот од локалните муслимански моќници. Со тоа населението само се откажало од оваа реформа, а тоа било повод Хилми паша пред цивилните агенти да креира слика дека населението е конзервативно и тешко ги прифаќа новините.[111] Така, ситуацијата на селанството со ништо не се подобрила, а сите обиди биле привидни, празно слово на хартија, нешто што ги карактеризира најголемиот дел од османлиските реформи.

---

[108] Битоски 1967, 85.

[109] Исто, 85.

[110] Тодоровски, том 2 1984, 198.

[111] Исто, 199

За целиот реформски процес, како и за спроведувањето на рефомите, Крсте Петков Мисирков дава едно интересно согледување. Тој во весникот „Балкански Гласник" напишал: „*Секој е уверен дека овие реформи нема да успеат да воспостават ред и мир во Турција и ако тие не постигнат успех, тогаш Турција само ќе се изговара пред Европа дека реформите не помагаат и дека самото христијанско население е виновно. Можеме со сигурност да тврдиме дека реформите нема да бидат во состојба битно да ја изменат денешната положба, зашто тие го носат само името, а всушност не постојат.*"[112] Ова гледиште во потполност ја отсликува целокупната политичка ситуација во османлиска Македонија по Илинденското востание.

Во периодот на траењето на Мирцштегските реформи од 1903 до 1908 година, османлиска Македонија ќе биде своевидно буре барут. Членот 3 од Мирцштегската реформа, кој предвидувал нова територијална реорганизација заради подобро групирање на националностите, станува повод за масовни злосторства вршени од пропагандните чети во борбата за собирање души. Низ османлиска Македонија ќе крстосуваат низа на пропагандни чети од Бугарија, Србија и Грција, кои ќе вршат невидени масакри. Населението во извесна смисла било ставено во еден вид на граѓанска војна, каде се борело со своите сонародници кои припаѓале на оваа или онаа пропагандна афилијација. Во периодот од 1904-1906 година во судирите помеѓу патријаршистите и егзархистите во Битолскиот вилает биле убиени 119 души, а 28 биле ранети, а од патријаршиските зулуми убиени биле 217 души, а 41 биле ранети. Само во периодот од 1 март 1905 година до 15 декември 1905 година, според извештајот на Опенхајмер имало: 36 убиени патријаршисти и 14 ранети од страна на егзархистите, 169 убиени егзархист и 31 ранети од страна на патријаршистите.[113]

Како последица на зулумите на муслиманското население убиени биле 63 души, а 32 биле ранети.[114] Како резултат на последиците од Илинденското востание, зулумите на османлиската војска и судирите меѓу приврзаниците на егзархијата, односно патријаршијата, привремено се иселиле околу 25.000 жители од Битолскиот вилает.[115] Најголем дел од емигрантите доаѓале од Лерин, Прилеп, Битола, Костур, Горица (Кор-

---

[112] Ристовски 1966, 211.

[113] Зографски (ed.) 1977, 126-129.

[114] Исто, 80. Во податоците на Опенхајмер не постојат случаи на насилство на христијаните врз муслиманското население во дадените периоди.

[115] Исто, 158.

ча) и Охрид.[116] Во текот на 1906 година, значајно е тоа што османлиската власт силно ќе настапи против сузбивањето на пропагандните чети кои го тероризирале локалното население, пред сѐ како резултат на надворешниот притисок, за што нѐ известува цивилниот агент Опенхајмер. Сите учесници во таквите настани ќе бидат изведувани пред суд и најстрого казнувани со цел да се воведе ред во земјата.[117] И покрај силните мерки кои ги спроведувала османлиската власт, забранување за излегување по ноќе, одземање на оружје и т.н., сепак состојбите не се смириле. Месецот март во 1906 година година бил одбележан со бројни крвави атентати. Најпрво бил убиен раководителот на српското училиште во Ресен, терзијата Петре, кој на 10 март бил ранет во бугарското маало, на 11 март е убиен Коста Бомболов, виден бугарски[118] трговец во Прилеп и т.н.[119] Во април 1906 година не се забележани судири меѓу населението, ниту пак атентати. Во изворите се говори за позасиленото присуство на пропагандните чети. Веќе кон крајот на летото, во месец август, Опенхајмер забележува дека бугарската пропаганда е скоро парализирана и дека на теренот подем доживуваат грчката и влашката пропаганда.[120]

Наредната 1907 година е особено мирна доколку не се земат предвид повремените напади на пропагадните чети, кои вршеле атентати и одмаздннички убиства. Еден ваков настан е документиран на 20 декември во село Черешница, костурска каза, каде седуммина егзархисти се убиени поради предавството што го извршиле на војводата Козо.[121] Насилијата врз локалното население од страна на централната власт се намалуваат. Треба да се напомене и дека уште во екот на реформите, османлиските зулуми имаат смален интензитет. 1904 година ќе започне мирно во духот на реформите, кои османлиската власт ќе се труди да ги спроведе. Поплаките и жалбите на населението главно се однесуваат на високите даноци, злоупотребите на даночниот апарат, а исто така имаме и податоци за тепање на жители од страна на еден подофицер и неговиот вод во селото Брусник. Зулумите во овој период најчесто ги вршел

---

[116] Исто, 196.

[117] Исто, 163-165.

[118] Кон термините Бугарин, Грк, Србин, Влав не треба да се приоѓа строго како кон етноними. Тие најчесто значат припадност кон некоја црковна деноминација, односно кон некој од милетите, второстепено означуваат и социјална категорија, односно место во општествената скала.

[119] Зографски (ed.) 1977, 136-138.

[120] Исто, 171.

[121] Зографски (ed.) 1981, 70.

башибозукот во Дебарскиот, Прилепскиот, Охридскиот и Ресенскиот крај.[122] Низамите при своите патроли често претепувале селани, како што бил случајот во селото Путурус Брник и Рапеш, пролетта 1904 година, а сосема поретки биле силувањата, па така во месец април е забележано силувањето на некоја жена од село Маловишта.[123] Раздвижувањето на четите пролетта и летото 1904 година, како и судирите помеѓу патријаршистите и егзархистите, ја принудиле османлиската власт да преземе посериозни мерки на теренот. Сакајќи да спречи повторно избивање на бунт, таа строго забранила излегување од домовите по 1 часот по полноќ. Кметовите требало да водат сметка за тоа каде се движат селаните, па така секој оној што имал потреба од излегување доцна во ноќта тоа требало да го пријави кај кметот. Непридржувањето до овие одредби било сметано за еднакво злосторство како и бунтување, а престапниците за јатаци на бунтовниците.[124]

Сеопшто погледнато се согледува дека климата во вилаетот полека се видоизменува. Бројните извештаи сè повеќе зборуваат за штрајкови на војниците, појава на бунтарство кај војската, наговестувајќи ја Младотурската револуција во 1908 година. Всушност, во целиот тој период од крајот на 1907 година, односно од почетокот на 1908 година, низ извештаите се зборува за некакво идно востание, некаков бунт, едните лоцирајќи го кај населението, другите кај војската. Се покажа дека на површина излегла сплотеноста на народот во потрага по реформи и привилегии за својот милет.

## РЕФОРМСКИТЕ ПОЛИТИКИ НА МЛАДОТУРЦИТЕ

Согледувајќи дека со порастот на христијанската буржоазија и нејзиното зајакнување се истакнуваат низа политички и национални права, Младотурците се определиле дека борбата за политичко осовременување не може да им се остави само на оние кои Османлиската империја ја гледале како наметнато зло. Идејниот корпус кај Младотурците доаѓал главно од европските центри, каде што империјата ги праќала на студии, а во тој момент во Европа пак биле во подем низа на граѓански и политички идеи, кои квалитативно го менувале светот. Од тука произлегуваат и нивните заложби за воведување на уставна монархија,

---

[122] Зографски (ed.) 1955, 199-203.
[123] Исто, 169-172.
[124] Исто, 262.

на либерализирање и модернизирање на општеството, преоѓање од теократско во современо буржоаско, во извесна смисла и граѓанско општество. Се залагале исто така и за развој на образованието, кое во суштина покрај економијата е еден од главните двигатели на општествените промени.[125] Младотурското движење се развивало токму во последните две децении од XIX век, а станало политичка сила во 1908 година со избивањето на Младотурската револуција. Како што беше и претходно наведено, веќе кон крајот на 1907 година и почетокот на 1908 година, во Османлиска Македонија имало силни турбуленции. Тоа се должи пред сè на фактот што токму во периодот 1906-1907 година, населението ќе страда од голема суша и лоша жетва, а тоа пак ќе доведе до инфлација на цените на прехранбените и останатите производи. Населението во 1908 година веќе било во состојба на екстремна сиромаштија.[126] Сè ова се одразило и кај војската, која не ги примала редовно своите плати и во неколку наврати се организирале бунтови и штрајкови. Кон и онака лошата ситуација се надоврзал и еден политички момент. Имено, на средбата во Ревал меѓу рускиот цар Николај II и британскиот крал Едвард VII била постигната согласност за проектот на реформи за автономија на Македонија, како трајно решение за одржување на целоста на Османлиската Империја и за мир на Балканот. По еден месец (јули 1908) била извршена Младотурската револуција, по што била запрена реформската акција на европските Големи сили во Македонија.[127]

Веднаш по избивањето на револуцијата, Младотурскиот комитет испраќа низа меморандуми, соопштенија и апели до сите заинтересирани страни. Во писмото испратено од австроунгарскиот конзул Посфаи во Битола од 14 јули 1908 година, до баронот фон Ерентал, се приложени неколку од тие соопштенија и прогласи на Младотурскиот комитет. Во нив се наведува дека Младотурците не се непријатели на муслиманите, нема да пролеваат непотребно крв и нема да ги напаѓаат селата, туку, сосема напротив, ќе ги бранат од уфрлување на банди.[128] Понатаму во прогласот до мухамеданскиот народ се истакнуваат заложбите на Младотурците за враќањето на старата слава на Османлиската империја и дека конечно дошол часот народот да ја земе слободата на формирање

---

[125] Zürcher 2010, 110-123.

[126] Cohen 2003, 112-114

[127] За Ревалската средба види повеќе кај: Миноски (ed.) 2002; Андонов-Полјански 1990; Штепан 2004.

[128] Зографски (ed.) 1981, 148-149.

на власта.[129] Во прогласот до соотечествениците „Бугари" во Ресен им се укажува дека 30 години западните земји се трудат да му помогнат на македонското население, но сосема спротивно лошите дела сè повеќе и повеќе се проширувале. Се укажува и на фактот дека Османлиската империја е заедничка татковина на сите народи, кои имаат право на слобода и национално самоопределување, но нема да биде дозволено понатамошно делење на Империјата.[130] Со ова јасно се става до знаење дека во ек е една револуција за подобрување на општествено-економските односи. Револуција би требало од рајата на Османлиската империја да направи граѓанско општество, односно империјата да се отоманизира, по примерот на другите национални држави. Кон овие реформи имало многу отпор, но сепак уставот од 1876 година бил повторно вратен. Започнале да се организираат избори и започнало политичкото организирање во Османлиската империја.

Меѓу првите реформи кои се нашле на разгледување биле економските реформи. За нив било договорено да се разговара, да се изготват планови, и веќе за идната 1909 година истите да бидат подготвени и ставени во употреба. Меѓународните договори требало да бидат ревидирани, а била изготвена и поширока платформа за образовни и стопански реформи.[131] Со уставот де факто се укинувал и стариот милет систем и на поданиците им биле дадени еднакви права.[132] Може да се каже дека од овој момент натаму се етаблира мислењето дека милетските етноконфесионални исповеди се земаат како израз на национален идентитет. Ова навидувам едноставно решение е само една замка, бидејќи кај населението уште долго време ќе опстои милетската свест. Отпорот кон уставниот режим и реформите бил голем. Реакционерните сили гледале спас единствено во султанот, кој неволно го вратил уставот. Абдулхамид II на свечената седница на отворањето на парламентот на 17 декември 1908 ќе истакне дека првиот устав бил укинат бидејќи советниците му советувале дека народот не е подготвен за таков чекор и дека конституционализмот би предизвикал особени проблеми во владеењето. Сега пак, согледувајќи дека моментот бил зрел за конституционализам, тој го вратил уставот.[133] Разбирлива е ваквата изјава, бидејќи султанот едноставно немал друг избор освен да ја послужува волјата на востанатиот на-

---

[129] Исто, 150-152.
[130] Исто, 152-53.
[131] Feroz 1969, 22.
[132] Исто, 23.
[133] Исто, 29.

род. Како што ќе се покаже во натамошниот тек на владеењето на Младотурците, навистина конституционализмот ќе биде една голема пречка во работењето, бидејќи народот едноставно бил далеку од тоа ниво на развој, како што веќе се увидело во 1876 година. Кон ова одат и фактите за силниот отпор кон промените. Во тој контекст, тука би го истакнале протестот кој го организал Ќор Али во Истанбул, каде барал да се врати дословното применување на шеријатот, да се прекине со сите реформи, а на жените да им се забрани да шетаат низ градот.[134]

Силната реакционерна клима ќе доведе до тоа султанот со неколку соработници да изврши реакционерен удар во пролетта 1909 година. Немајќи масовна поддршка, успехот изостанал, а султанот Абдулхамид II бил детрониран и испратен во домашен притвор во вилата Алатини во Солун, каде ќе остане сè до почетокот на Балканските војни. На тронот бил поставен султнот Мехмед V Решад, кој поради неискуството во политиката, бил само една марионета во рацете на Младотурскиот комитет. По нападот на реакцијата, младотурската власт ќе го забрани вооружувањето на населението и четите, ќе забрани организирање по национална основа, штрајкови и бунтови, со што парламентаризмот и уставната монархија ефективно ќе се претворат во партиска диктатура.

Од особено значење за селото и селанството се економските реформи кои ги спровеле младотурците. Тие вовеле нов начин на пресметување на данокот, а данокособирачите сега биле државни службеници кои примале плата, што било круцијална разлика од претходниот систем кога земале дел од собраниот данок, што ги поттикнувало на злоупотреби и насилија.[135] Посериозни потфати за подобрување на расните својства, како и подобрување на грижата за животните и спречувањето на заразни болести кај стоката, ќе се случи по 1908 година со отворањето на Сточарските станици. Една таква сточарска станица е отворена и во Битола во 1908, во близина на црквата света Недела, на местото каде денес се наоѓа средното земјоделско училиште Кузман Шапкарев.[136] Аграрното прашање било особено живо и за него по основањето на османлискиот парламент во 1908 година било на неколку пати дискутирано. Во овие дискусии се барало коренито менување на аграрните односи во државата, бидејќи во нив лежела и основата за политичките судири.[137] Дискусии-

[134] Исто, 25.

[135] Shaw-Shaw 1977, 284.

[136] Стерјовски 2020, 506.

[137] Кон ова прашање постојат многу документи но тука поради техничките можности ќе наведеме само неколку: Такриръ 1909; Мемоаръ 1910; Христовъ 1909.

те од парламентот ќе останат само тоа. Тоа биле дискусии и дебати кои не придонеле кон реално решавање на аграрното прашање. Токму нерешеното аграрно прашање, високите даночни стапки, честите арамиски упади, злоупотребите од страна на османлиските власти, мултазимите, падарите, како и пенетрацијата на странскиот капитал, едноставно го довеле селанецот до просјачки стап.[138] Османлиската империја веќе во периодот 1910-1912 година ќе се соочи со низ на политички турбуленции и едноставно сите планирани реформи ќе бидат занемарени. Револуцијата ветувала многу, но сепак во практиката напредокот изостанал. Сосема очекуван бил таквиот исход бидејќи империјата ги истрошила своите сили за постоење. Таа била еден реликт од минатото кој во 1912 година ќе ги изгуби сите европски територии, а веќе по Првата светска војна, заедно со Австро-Унгарија, засекогаш ќе ја напуштат политичката сцена.

Согледувајќи го претходно изнесеното, треба да се заклучат неколку работи. Битолскиот Вилает во овој период е доминантно аграрно економско подрачје во кое тукушто започнала да се гради индустријата од модерен тип. Треба да се напомене дека на територијата на вилаетот, најголемиот дел од населението (83%) било селско население.[139] Ова пак ни говори дека тука всушност не станува збор за модерно индустриско општество од XIX и почеток на XX век, туку за едно типично аграрно општество. На другата страна се секако специфичните услови во Османлиската империја, со изразито слабеење на централната власт и на воената автократија и со едвај видливи зачетоци на капитализмот. Тоа значи дека низ целиот XIX век, напоредно живеат и феудалните односи со целата нивна „идиличност“.[140] Османлиското општество во XIX век се наоѓало во фаза на ориентирање и барање.[141] Населението кое живеело на овие простори во овој временски период било сведок на постепеното распаѓање на „стариот османлиски свет“ и навлегување на современоста, која предизвикала бурни промени на секое ниво. Кога станува збор за промените, нив можеме да ги окарактеризираме само како политички одлуки кои едноставно не допирале до селското население. Причините за тоа се повеќе, но главниот виновник била самата држава, која сакала само формално да се модернизира. Меѓу реформите и реалноста, останала заробена државата која 542 години господареше со овие простори.

---

[138] Димески 1979/80, 109–126.
[139] Димески 1979/80, 120.
[140] Чирпан 1978, 27.
[141] Ортајли 2009, 276.

Трошејќи ги своите последни сили на палијативни реформи кои нема да предизвикаат никаква позитивна промена, во суштина само се одлагаше неизбежниот крај.

## БИБЛИОГРАФИЈА


Aličić, A., "Uredba o organizaciji vilajeta 1867. godine", *Prilozi za orijentalnu filologiju*, XII-XIII (1963), pp. 219-235.

Анастасовски, Н., *Борбата за македонскиот идентитет: 1870-1912*, Фондација Отворено Општество Македонија, Скопје, 2012.

Андонов-Полјански, Х., *Македонското прашање*. Култура, Скопје, 1990.

Андонов-Пољански, Х. (ed.), *Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том 1. Од населувањето на Словените во Македонија до Првата светска војна*. Македонска книга, Скопје, 1981.

Битовски, К., *Македонија и Кнежевството Бугарија (1893-1903)*. Институт за национална историја, Скопје, 1977.

Битоски, К., „За десетокот и земјоделското производство во Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век", *Гласник на Институтот за национална историја* XI/3 (1967), pp. 83-166

Димески, Д., „Економските прилики во Битолскиот вилает во последната деценија на XIX и почетокот на XX век", *Годишен зборник на филозофскиот факултет* 31-32 (1979/80), pp. 109-126.

Димески, Д., *Македонското национално ослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903)* Второ издание. НИО Студентски збор, Скопје, 1983.

Ѓорѓиев, В., *Анастас Лозанчев*, Филозофски факултет, Скопје, 2014.

Ѓорѓиев, В., „Битка за гробишта – бизарноста на пропагандите во Македонија", *Годишен зборник на филозофскиот факултет* 64 (2011), pp. 177-192.

Ѓорѓиев, В., *ВМРО 1893-1903. Поглед низ документи*. Матица Македонска, Скопје 2013.

Ѓорѓиев, В., *ВМРО 1904-1908. Поглед низ документи*. Тримакс-Филозофски факултет, Скопје, 2020.

Ѓорѓиев, В., „Реформи за мир или одлагање на конфликтот", In Камбовски, В., Ристовски, Б., Ѓоргиев, Д. (eds.), *Сто години од Балканските војни: прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година*. МАНУ, Скопје, 2013.

Ѓорѓиев, В., *Слобода или смрт: македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893 - 1903 година*. Табернакул, Скопје, 2003.

Зографски, Д. (ed.), *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906, том I*. Архив на Македонија, Скопје, 1977.

Зографски, Д. (ed.), *Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1907-1908, том II*. Архив на Македонија, Скопје, 1981.

Зографски, Д. (ed.), *Извештаи од 1903 година-1904 година на австриските претставници во Македонија*. Институт за национална историја, Скопје, 1955.

Zürcher J. E., *The Young Turk Legacy and Nation Building: From the Ottoman Empire to Atatürk's Turkey*. I.B.Tauris, London-New York, 2010.

Ивановъ, И., *Положението на българит? въ Македония*, Братски съюз, София 1895.

Ихсаноглу, Э (ed.), История Османского государства, общества и цивилизации, Восточная литература, Москва, 2006

Jelavich, B., *History of the Balkans: volume 1*. Cambridge University Press, Cambridge, 1983

Кондовъ, К., *Борбата на македонеца. Исторически очеркъ върху причинит? и развитието на революционното движение въ Македония*. Заря, Габрово, 1903.

Константинов, Х. Д., *Битола и Битолско во Илинденската револуција на македонскиот народ - 1903: 2 август 1903 - Битола - 2 август 1983*. Завод за заштита на споменици на култура, природни реткости и музеј, Битола, 1983.

Лапе, Љ. (ed.), *Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија*. Институт за национална историја, Скопје, 1954.

Лапе, Љ. (ed.), *Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800-1915 година), том.2, трето дополнето издание*. Универзитет „Кирил и Методиј", Скопје, 1975.

"Мемоаръ на българскит? депутати", *Дебърски гласъ* II/10 (1910), pp. 2-3; II/11 (1910), pp. 2-3; II/12 (1910), pp. 2-3.

Merriman, M. J., *A History of Modern Europe: From the Rennaisance to the Present*. W.W. Norton&Company, 2009.

Мантран, Р. Историја османског царства, CLIO, Београд, 2002

Миноски, М. (ed.), *Австриски документи за реформската акција на европските Големи сили во Македонија: 1903-1909*. Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2002.

Матковски, А. *Крепосништвото во Македонија*, ИНИ, Скопје, 1978

Ортајли, И., *Најдолгиот век на империјата*. Институт за национална историја-Сојуз на турските невладини организации во Република Македонија, Скопје 2009.

Поп Ѓоргиев, Д., *Сопственоста врз чифлиците и чифлигарските аграрно-правни односи во Македонија до Балканската војна 1912*. Институт за национална историја, Скопје, 1956.

Попов, Ч., *Грађанска Европа 1770-1914, Основи европске историје XIX века 1770-1815*. Завод за уџбенике, Београд, 2010.

Ристовски, Б., *Крсте П. Мисирков (1874-1926): прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национана мисла*. Култура, Скопје, 1966.

Ризај, С. „Управно политичке реформе у Македонији (Косовском, Битољском и Солунском вилајету) 1875-1881", In Апостолски,М. *Македонија во Источната криза 1875-1881*, МАНУ, Скопје, 1978

Силянов, Х., *Освободителнит? борби на Македония, том I, Илинденското възстание*. Издателство на Илинденската организация, София, 1933.

Стерјовски, А., *Битола – градби*. Конзулат на Република Србија во Република Македонија, Битола, 2020.

Shaw, J. S. - Shaw, K. E., *History of the Ottoman Empire and Modern Turkey, vol. II, Reform, Revolution and Republic: The Rise of Modern Turkey 1808- 1975*. Cambridge University Press, Cambridge, 1977.

Spridon. S. Introduction to Balkan History; From the Ottoman conquest of the Balkans until the First World War (1354- 1918), Vanias, Thessaloniki, 2009

„Такриръ подаденъ отъ българскит? депутати: Далчевъ, Доревъ, Павловъ, Влаховъ и арм. Ваханъ Папасянъ до Отоманския Парламентъ", *Вести* 129 (1909).

Тефик, М., „Кратка историја Битољског вијалета". *Братство* XXVII (1933), pp. 190-245
Тодоровски, Г., *Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) том. 1. Реформите во Македонија до Илинденското востание*. Студентски збор, Скопје, 1984.
Тодоровски, Г., *Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909) том 2. Реформите на Големите сили по Илинденското востание*. Студентски збор, Скопје, 1984.
"The Ottoman Constitution, Promulgated the 7th Zilbridje, 1293 (11/23 December, 1876", *The American Journal of International Law* 2/4 (1908), pp. 367-387.
Feroz, A., *The Young Turks: The Committee of Union and Progress in Turkish Politics, 1908-1914*. Clarendon press, Oxford, 1969.
Fraser, F. J., *Pictures from the Balkans*, Cassel and Company Limited, London, Paris, New York and Melbourne, 1906.
Христовъ, А., *Аграрниятъ въпросъ въ Македония и Одринско. Рефератъ четенъ на II конгресъ на Българскит? Конст. Клубове въ Отом. Държава*. К. Г. Самарджиевъ & С-ие, Солунъ, 1909.
Cohen, M., *Last Century of a Sephardic Community: The Jews of Monastir, 1839-1943*. Advancement of Sephardic Studies and Culture, 2003.
Чирпан, Б., *Македонските градови во XIX век и нивната урбана перспектива*. МАНУ, Скопје, 1978.
Џемаили, С., *Османлиското законодавство во Македонија XVIII-XIX век*. Литера гроуп, Скопје, 2018.
Штепан, Х-Л., *Македонскиот јазол: идентитетот на Македонците прикажан на примерот на Балканскиот сојуз (1878-1914)*. Аз-Буки, Скопје, 2004.

Vasko Gichevski
Professor of History

## THE VILLAGE AND THE PEASANTRY IN THE BITOLA VILAYET THROUGH THE EPOCH OF REFORMS FROM THE BEGINNING OF THE 19TH CENTURY TO 1912

(summary)

The text presented the historical traces of the reforms that were undertaken in the Ottoman Empire from the beginning of the Tanzimat until 1912. Even a completely unskilled eye will notice several special features of that constant reform process. First of all, reforms are always prompted by the outside, that is, they are more the result of external pressure than of sincere action of the domestic authorities. Furthermore, it is also characteristic that the reforms are always carried out halfheartedly or not at all. Their effects are minor because, as can be seen through the

documentary examples presented in the text, a way was always found to circumvent them. In that context, the question that is constantly highlighted is how much did the reforms actually contribute to improving the lives of the rural population?

The Ottoman Empire, as a typical feudal society, began to approach the European capitalist states along a quasi-evolutionary path. Through the reforms, the Ottoman state tried to shape its mentality and social character, towards that of the Western European states. At the same time, she did not want to lose her long-standing traditions and style of social and political organization. She found herself trapped in a process where, walking towards the future, she always carried with her many of her traditional practices and methods of governance. In other words, it formally changed its appearance, while the essence of socio-political reality remained the same. Precisely because of this, no single reform was enough, but each one brought at least two new ones. The impossibility of decisively solving some problems in society, with their concealment, they increased and required doubly complex solutions. At first glance, this whole process is a kind of formal progress. According to the proclaimed legal documents, the state was indeed moving forward towards a complete change for the better in the lives of its subjects. On the other hand, according to the source material that we have, it can be seen that this progress has little or no positive effect on the position of the population. From here, the assessment of the character of the reforms is quite complex. Indeed, formalistically, they are a step forward, but in essence, that step forward, due to their inadequate implementation, is actually forward towards the abyss. The Ottoman Empire would spend a lot of material resources on ventures that did not bear fruit or ventures that had the opposite effect of the desired. Society will sink into a sea of violence, misery, disease and illiteracy.

The last attempt to save the country will be made by the Young Turks. They will offer a qualitatively different, civil approach to the formation of society. A political system where all subjects make up the Ottoman nation, which will be governed by a parliamentary monarchy. These considerations represent a significant step forward in the political practice of the Ottoman state, but they are still reflections that took effect in political pragma too late. The economic impossibility for the proper functioning of the state, the poor social cohesion, the excessive and dysfunctional state apparatus, did not provide an opportunity for such a turnaround. Ottoman society, which had been constantly breaking and disintegrating for a century, was on the brink of death during the reign of the Young Turks. External geopolitical conditions had matured in a completely different way. At the world level, already strongly established states fought for supremacy, whose need for economic expansion exceeded their state borders and clashed with the interests of other countries. In that fight, it was inevitable that dysfunctional and economically weak states like the Ottoman Empire would lose the battle and leave the historical stage.